# Апелационен суд Битола

# 2021

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ

Булевар 1-ви Мај бр.63

info@asbitola.mk

047/227-999

# С О Д Р Ж И Н А

ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТАТА НА АПЕЛАЦИОНЕН СУД БИТОЛА ЗА 2021 ГОДИНА.....2

1. СТАТИСТИКА НА ПРЕДМЕТИ ....... 2

2. ИЗВЕШТАЈ ЗА ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ ....... 4

3. ИЗВЕШТАЈ ЗА УСОГЛАСУВАЊЕ НА СУДСКАТА ПРАКСА ....... 6

3.1. ГРАЃАНСКИ ОДДЕЛ....... 6

3.2. КРИВИЧЕН ОДДЕЛ....... 8

3.3. ОДДЕЛ ЗА СУДСКА ПРАКСА ....... 11

4. ИЗВЕШТАЈ ОД ИЗВРШЕНИ ПОСЕТИ НА ПОНИСКИТЕ СУДОВИ....... 13

5. ИЗВЕШТАЈ ЗА ОДНОСИ СО ЈАВНОСТ ....... 14

6. ИЗВЕШТАЈ ЗА ИНФОРМАТИЧКА ТЕХНОЛОГИЈА....... 15

7. ИЗВЕШТАЈ ЗА ПЛАНИРАНИ И ИЗВРШЕНИ ЈАВНИ НАБАВКИ ....... 18

# ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТАТА НА АПЕЛАЦИОНЕН СУД БИТОЛА ЗА 2021 ГОДИНА

## 1. СТАТИСТИКА НА ПРЕДМЕТИ

Апелациониот суд во Битола, вршејќи ја Судската власт, како самостоен и независен државен орган во 2021 година преку постапување во конкретни предмети, врз основа на Уставот на РСМ, меѓународните договори ратификувани во согласност со Уставот, процесните и материјалните закони, Законот за судовите, Судскиот деловник, Распоредот за работа и Програмата за работа за 2021 година, обезбеди примена на правото и заштита на човековите слободи и права во рамките на својата надлежност.

Во 2021 година, Судот со ангажирање на вработените, судиите, стручниот кадар и административно - техничкиот персонал, ефикасно и квалитетно ја изврши судската функција.

Според статистичките податоци за бројот на предметите што се во работа во 2021 година споредбено со 2020 година, во **Кривичниот оддел** се констатира зголемување на новопримени предмети од кои: во КЖ уписникот за 166 предмети, во ПРКЖ уписникот зголемување за 138 предмети, во КСЖ уписникот бројот на новопримени предмети е еднаков со претходната година или вкупно за 304 предмети.

Во **Граѓанскиот оддел** има зголемување на бројот на ново примени предмети за вкупно 633 предмети од кои: во ГЖ- уписникот во однос на 2020 година зголемен е приливот за 499 предмети, во ТСЖ уписникот зголемен е приливот за 35 предмети, во уписнискот РОЖ зголемен е приливот за 99 предмети.

Споредбено со 2020 година на ниво на суд, зголемен е приливот на предмети за вкупно 941 предмети, кои се опфатени со ориентационата норма утврдена од Судскиот совет.

Бројот на предметите Су, ИЗЗ,СПИ, Су-ДОВ и УПП во однос на 2020 е зголемен за 68 предмети.

**Видно од *Табелата 1-3* за сумарниот преглед на предмети за 2020 година е прикажана состојбата со прилив на предмети во текот на годината во сите оддели во споредба со 2020 година.**

**Во 2021 година вкупно во работа беа 5263 предмети** кои се опфатени со ориентационата норма утврдена од Судскиот совет и **1175 предмети** од Судската управа.

**Во 2021 година се решија вкупно 4566 предмети, опфатени со** ориентационата норма утврдена од Судскиот совет и **1171** предмети од судска управа.

**Во 2021 година не се реши приливот за 164 предмети со што е зголемен остатокот на предмети опфатени со ориентационата норма утврдена од Судскиот совет.**

Во Апелациониот суд Битола вкупно **просечно месечно се решавале по 389,65** предмети без тие на судската управа.

Судиите во Апелациониот суд Битола, поединечно, месечно, сметано за 10,5 месеци оствариле просек на решени предмети **по 28,28 предмети** без тие на судската управа или во **кривично по 17,62 предмет,** а во **граѓанско по 28,02 предмети.**

На годишно ниво судиите од Граѓанскиот оддел оствариле просек на решени предмети по судија секој по 289,18 предмет или процентот на остварено просечна годишна ориентациона норма во Граѓанскиот оддел е 125,19 %, а во Кривичниот оддел судиите оствариле просек на решени предмети по судија секој по 182,20 предмети или процентот на остварено просечна годишна ориентациона норма во Кривичниот оддел е 115,68 %, или на ниво на Суд секој судија остварил просек на решени предмети од по 255,65 предмети, или процентот на остварено просечна годишна ориентациона норма на ниво на суд е 122,93%.

Детални податоци по видови на решени предмети просечно месечно се дадени во ***Табелите 2-1 и 2-2***

### *Квалитет на работа вкупно на Апелациониот суд во Битола*

Според податоците за вратените предмети од страна на Врховниот суд на РМ

**Квалитетот на ниво на суд е:**

- **потврдени - 112** предмети или **69,13% од** вкупно предмети **по кои што бил изјавен правен лек или од вкупно решените предмети 2,46%.**
- **укинати - 32** предмети или **19,75%** од **од** вкупно предмети **по кои што бил изјавен правен лек или од вкупно решените предмети 0,70%.**
- **преиначени - 18** предмети или **11,11 % од** вкупно предмети **по кои што бил изјавен правен лек или од вкупно решените предмети 0,39%.**

**Квалитетот во Граѓанскиот оддел** е следниот:

- **потврдени** - **91** предмети или **66,91 % од** вкупно предмети **по кои што бил изјавен правен лек или од вкупно решените предмети 2,92%.**
- **укинати** - **27** предмети или **19,85 % од** вкупно предмети **по кои што бил изјавен правен лек или од вкупно решените предмети 0,86%.**
- **преиначени** - **18** предмети или **13,23 % од** вкупно предмети **по кои што бил изјавен правен лек или од вкупно решените предмети 0,57%.**

**Квалитетот во Кривичниот оддел** е следниот:

- **потврдени** - **21** предмети или **80,77 % од** вкупно предмети **по кои што бил изјавен правен лек или од вкупно решените предмети 1,46%.**
- **укинати** - **5 предмети или 19,23 % од** вкупно предмети **по кои што бил изјавен правен лек или од вкупно решените предмети 0,34 %.**
- **преиначени – нема.**

Квалитетот на предметите е пресметан во однос на вкупно решените предмети од уписниците за кои е дозволен вонреден правен лек, при што не се вклучени решените предмети од уписниците КР и Р за кои не е дозволен вонредно правен лек.

Детални податоци дадени се во ***Табела 3-1 и Табела 3-2*** **.**

На крајот на 2021 година по сите видови предмети вкупно останаа нерешени 697 предмети, што според просечно месечно решени предмети по судија од **28,28** предмети, ваквиот заостаток може да се реши за 2 месеци.

**Имајќи ги во предвид статистичките податоци за времетраењето на постапката по завршените кривични и граѓански предмети,** состојбата на ниво на АС Битола во однос на просекот на **времетраење на постапката** по сите видови е следна:

- **до еден месец** се решени **1800** предмети или **39,42 %**
- **од 1 до 3 месеци** решени се **1637** предмети или **35,85%**
- **од 3 до 6 месеци** се решени **1080** предмети или **23,65 %**
- **над 6 месеци** решени се **49** предмети или **1,07 %.**

(Детални податоци дадени се во ***Табела 4-2 и Табела 4-3)***

Во 2021 година на крајот на годината останаа вкупно 13 стари предмети од кои 7 предмети се кривични и 6 предмети се граѓански. По години состојбата е следна: 2 предмети се од 2017, 2 предмети од 2018 година, 3 предмети од 2019, 5 предмети од 2020 година и 1 предмет е од 2021 година.

(Детални податоци дадени се во ***Табела 4-1)***

**Приоритетните предмети** посебно се евидентираат и месечно се следат на начин што секој судија добива од писарницата податок за тоа колку предмети приоритетни има решено во претходниот месец и колку има нерешени на почетокот на месецот. Како приоритетни се сметаат оние предмети кои како такви се определени во закон и во Судскиот деловник.

## 2. ИЗВЕШТАЈ ЗА ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ

Врз основа на Правилникот за внатрешна организација и систематизација на работните места во Апелационен суд Битола како и Годишниот распоред за работа за 2021 година, Судот својата дејност во 2021 година ја вршеше преку судски оддели и организациони единици и тоа:

- Кривичен оддел
- Граѓански оддел
- Оддел за судска практика и евиденција
- Одделение за стручна служба (Судска писарница, Судска управа, Дактилобиро, Доставна служба, Судска полиција и Помошно-технички персонал)
- Одделение за информатика
- Одделение за човечки ресурси и односи со јавност
- Одделение за материјално-финансиско работење и

Во кривичниот оддел во 2021 година работеле 5 судии распоредени во два судиски совети , еден совет за деца и еден Кривичен совет од петмина како и 3 судски советници.

Во граѓанскиот оддел во 2021 година работеле 11 судии распоредени во четири судиски совети како и 8 судски советници.

На почетокот на 2021 година биле пополнети 18 судски места вклучувајќи го и

Претседателот на судот. Во месец март 2021 се пензионирал 1 Судија и нема избрани нови судии во текот на 2021 година. Во 2021 година, Апелациониот суд во Битола, работеше со пополнети 17 судиски места заедно со Претседателот на судот од вкупно предвидените 25 судиски места, согласно Одлуката на Судскиот совет за бројот на судии во Апелациониот суд Битола.

Согласно Правилникот за внатрешна организација и систематизација на работните места во Апелационен суд Битола утврдено е судската служба да брои 110 судски службеници вклучувајќи го и Судскиот администратор но на крајот на 2021 година, заклучно со 31.12.2021 година вкупно пополнети работни места се **46**, односно во Судот има вкупно 64 непополнети работни места. Во текот на 2021 година се пензионираа 2 судски соработници и 1 судски референт – дактилограф.

Раководителот на граѓански оддел ја извршува работата на Судскиот администратор бидејќи во 2021 година не е избран Судски администратор.

Вработените во судската служба вкупно 46, се распоределни во следните организациони единици:

- Кривичен оддел – 3 судски советници
- Граѓански оддел – 9 судски советници
- Одделение за стручна служба – 28 вработени од кои :
    - Судска писарница – 1 самостоен судски референт, 1 виш судски референт, 1 судски референт , 2 помлади судски референти и 1 помлад соработник преведувач
    - Судска управа- 1 Технички секретар на Претседателот и 1 Судски референт – извршител во библиотека
    - Дактилобиро – 1 Виш судкси референт -Координатор на дактилобиро и 7 судски референт - дактилографи
    - Доставна служба – 2 Помлади судски референти - доставувачи
    - Судска полиција – 7 Судски полицајци
    - Помошно-технички персонал- 1 хаусмајстор и 2 хигиеничари
- Одделение за информатика – 1 Раководител на одделение за ИТ и 1 полад соработник – помошник информатичар
- Одделение за човечки ресурси и односи со јавност – 1 Соработник – лице за односи со јавност и човечки ресурси и 1 судски референт – извршител во одделението за човечки ресурси и односи со јавност
- Одделение за материјално-финансиско работење – 1 самостоен судски референт – сметководител и 1 виш судски референт - благајник

Согласно годишниот план за вработување за 2021 година во Апелационен суд Битола беа предвидени 2 нови вработувања односно 2 Судски соработници и 4 интерни унапредувања. Во текот на 2021 година, беа реализирани 3 интерни унапредувања на судски службеници и започната е постапката за вработување на двајца судски соработници која се очекува да заврши во почетокот на 2022 година. Но и покрај реализацијата на новите две вработувања Апелациониот суд Битола има недостаток на кадар и се потебни повеќе нови вработувања.

На крајот на 2021 година заклучно со 31.12.2021 година, во судот вкупно судии, судски службеници, судски полицајци и помошно технички персонал се вработени вкупно **63 лица**.

Судот покрај недостатокот на човечки ресурси, работеше и во услови на пандемијата од Корона 19 вирусот, со почитување на сите превентивни мерки што беа потребни за спречување на зараза на вработените во Судот, што предизвика да се намали остварувањето на очекуваните резултати.

## 3. ИЗВЕШТАЈ ЗА УСОГЛАСУВАЊЕ НА СУДСКАТА ПРАКСА

### 3.1.ГРАЃАНСКИ ОДДЕЛ

Врз основа на Судскиот деловник се поднесува извештај за работата на Граѓанскиот оддел на Апелациониот суд Битола за 2021 година.

Со овој извештај се прикажува работата на Граѓанскиот оддел во текот на 2021 година како збир на активности и донесени заклучоци на седниците на Одделот.

Граѓанскиот оддел во текот на 2021 година одржа вкупно 7 седници на кои беа разгледани правни прашања поставени од судиите на Граѓанскиот оддел на Апелационен суд Битола, а исто така беа разгледани и прашања поставени од страна на Граѓанските оддели на Апелационен суд Скопје, Апелационен суд Штип и Апелационен суд Гостивар за Работната средба на граѓанските оддели на четирите апелациони судови која се одржа на ден 06.10.2021 година во просториите на Академијата за судии и јавни обвинители Павел Шатев Скопје, во присуство на претставници на апелационите судови и Врховниот суд на Република Северна Македонија.

На одржаните седници на Граѓанскиот оддел од вкупно разгледаните правни прашања беа утврдени следните заклучоци:

- **Во постапките за парични побарувања на кои се применува Уредбата со законска сила на Законот за облигационите односи за време на вонредна состојба, доколку во првостепените пресуди во делот на законската казнена камата не е применета Уредбата за определување на висината на стапката на казнената камата за време на траење на вонредната состојба, второстепениот суд кога одлучува по жалба да ја преиначува првостепената пресуда донесена после 02.04.2020 година во делот на висината на стапката на казнената камата за периодот на траење на вонредната состојба. Овој заклучок ќе се применува на пресуди за парични обарувања по поднесена тужба, како и за пресуди по приговорот против платен налог кој е здаден после 02.04.2020 година.**

- **За определување издршка, кога се одлучува истовремено за развод на брак и доделување на дете, да се применува член 8 т.1-8 од Адвокатската тарифа. Во споровите за промена на висината на издршката, наградата за дадена правна помош ќе се определува како за парично побарување.** Во врска со овој заклучок беше договорено да се применува до донесување на правно мислење од страна на Врховниот суд на РСМ, за што да се достави правното прашање до Врховниот суд на РСМ како иницијатива за воедначување на судската пракса на сите судови и Врховниот суд на РСМ.

- **Во секоја фаза од постапката за извршување може да се утврди незаконитост при спроведувањето на извршувањето во врска со активната легитимација на доверителот.**

- **Кога е поведена вонпарнична постапка по предлог на поранешниот сопственик за определување на надоместок за недвижен имот, посеви и насади, а не е донесено решение во управната постапка за експропријација за таков имот, судот не може да определи паричен надоместок по предлог на предлагачот . Во таков случај судот нема основ да ја зпаре постапката, ниту да го упати поранешниот сопственик правото да го остварува според правилата на парничната постапка.**

- **Кога постапката за определување на надоместок за експрпприран имот се води по службена должност по доставување на списите до судот од страна на органот на управата, надоместокот се определува само за имотот кој бил предмет на експропријација и за кој се водела постапка пред органот на управата, За друг инот адоместок не се определува.**

- **Постапката за обезбедување на докази е регулирана во ЗПП, па трошоците на таа постапка претставуваат дел од парничните трошоци и истите се пресметуваат согласно вредноста на предметот на сопрот.**

- **Трошоците на постапката претставуваат парично побарување и на истите следува законска казнена камата од пресудувањето. Барањето за законска казнена камата треба да биде истакнато согласно член 158 од ЗПП.**

- **Во постапката за надомест на штета за уништени прирастоци и градежи кои не се одземени во постапката за експропријација, во која било одземено само земјиштето, сопственикот има право на надомест на штета, меѓутоа кога е склуче договор за изведување на градежни работи, државата не одговара за таквата штета, а дали нарачувачот и изведувачот се солидарно одговорни е фактичко прашање.**

- **Во постапка за определување надоместок за експроприрана недвижност не може да се определи надоместок за експроприран недвижен имот доколку не еприложено правосилно решение за експропријација, а во ситуација кога е извршен афактичка експропријација, постапката може да се запре и истата да се спроведе според правилата на парничната постапка согласно член 16 од ЗВП.**

На седници на граѓански оддел беа разгледани и утврдени заклучоци и по правни прашања предложени за работната средба на апелационите судови со Врховниот суд на РСМ која се одржа на 06.10.2021 година.

Од нашиот суд беа иницирани следните правни прашања:

На која основица треба да се пресметуваат трошоците на постапката во спорови за издршка;

- Дали во постапката за определување на надоместок за експроприран недвижен имот, судот може да определи надоместок за прирастоци на недвижноста(насади, градежи, објекти и слично) кои не се опфатени во решението за експропријација донесено од органот на управата и з акои не се вршела проценка во управната постапка, и

- Дали на активниот и цивилниот воен персонал покрај додатоците на плата предвидени во член 148 од Законот за служба во армијата, имаат право на додатоци на плата сорлансо член 72 и член 73 од Колективните договори на

Министерството за одбрана. По овие правни прашања беа утврдени заклучоци и доставени до Академијата за судии и јавни обвинители.

Исто така, на седница на граѓански оддел беа разгледани уште 8 правни прашања поставени од страна на граѓанските оддели на АС Скопје, АС Гостивар и АС Штип, за кои беа утврдени конкретни заклучоци за кои се расправаше на работната средба на апелационите судови и за дел од правните прашања беа утврди заклучоци, а за дел беше договорено да се доствaат до Врховниот суд на РСМ на разгледување и изјаснување.

Исто така, на седница на граѓански оддел беше разгледано едно барање за правно милсење поради различна судска пракса за една правна ситуација и беше констатирано дека овој суд се согласува со изразеното мислење во одлуката на овој суд.

Прашањата кои беа разгледувани на седниците, дел беа предложени од страна на судиииte на овој суд, а дел од страна на Одделот за судска пракса по воочено различно постапување по конкретни предмети.

Во текот на 2021 година не се оствариjа работните посети во Основните судови од подрачјето на Апелациониот суд Битола, поради пандемијата со КОВИД 19, но во овој период контактите со судиите од граѓанските оддели на основните судови се одвиваа преку судиите определени за секој од судовите по телефонски пат, што беше во согласност со Ппрограма за работа на Апелациониот суд за 2021 година.

## 3.2. КРИВИЧЕН ОДДЕЛ

Апелациониот суд во Битола ,согласно чл.33 од Законот за судовите Сл.весник.на РМ бр. 58/2006 , како второстепен суд е надлежен да решава по жалбите против одлуките на Основните судови од своето подрчје, да решава за судир на надлежноста меѓу Основните судови од своето подрачје и да врши други работи определени со закон.

Квалитетот и квантитетот на одлучувањето се сумираат во Годишниот извештај за работа на Апелациониот суд во Битола .

За реализација на годишната Програма за работа на Апелациониот суд во Битола се формираат повеќе оддели а еден од нив е Кривичниот оддел на Апелациониот суд во Битола кој е составен од судии кои работат на предмети од кривичната и прекршочната област. Заради остварување на својата работа секоја година Претседателот на Одделот согласно своите овластувања носи Програма за работа на Кривичниот оддел.

Согласно Програмата за работа на Кривичниот оддел за 2021 година покрај законската надлежност , основна цел на Одделот беше да се разгледуваат прашања во интерес на работата на кривичните совети а со тоа и на судиите кои работат во советите особено во однос на примената на законите во соодветната област како и воедначување на судската практика и унапредување на методите на работата. Формите на остварување на работата се одвиваа во три правци од кои прво - работата во самиот судски оддел , второ - соработка и помош на судиите на Основните судови на подрачјето на Апелациониот суд Битола и трето - соработка меѓу Апелационите судови во Република Северна Македонија.

## *РАБОТА ВО СУДСКИОТ ОДДЕЛ*

Во текот на 2021 година Кривичниот оддел при Апелациниот суд работеше со пет судии. Судиите работаат два совети од по тројца судии од кои еден совет составен од тројца судии и еден совет од двајца судии, со тоа што третиот член на овој совее е еден член од советот од тројца судии и тоа члeновите од тој совет учествуват по систем на ротација. Исто така во Одделот работи и еден совет составен од петмина судии и еден совет за деца составен тројца судии.

Во 2021 година, поради пандемијата предизвикана од вирусот Ковид 19 – корона вирусот, кој го зафати целиот свет, така и нашата држава , која предизвика отежната работа во целото општество, во институциите во државата, работењето на судовите, па и на Апелациониот суд а со тоа и на Кривичниот оддел .

Во вакви услови, во текот на 2021 година од страна на Кривичниот оддел на Апелациониот суд Битола одржани се 6 седници на одделот. На седниците беа разгледувани вратените одлуки на Врховниот суд на Република Северна Македонија по повод изјавените жалби по вонредните правни лекови при што особено место и значење беше давано на одлуките со кои беа укинати одлуките на Основните или Апелациониот суд и преиначените одлуки. Исто така на седниците на одделот беа разгледувани правни прашања на Основните судови и беа давани правни мислења и беа донесени заклучоци по однос на правни прашања на Основните судови .

Од страна на Кривичниот оддел во текот на 2021 година беа донесени неколку заклучоци и едно правно мислење и тоа донесени се следните :

## *З А К Л У Ч О Ц И*

1. Кога е во важност посебен закон кој уредува одредена материја и тој закон определува исклучива надлежност на постапување на прекршочниот орган, висината на прекршочната санкција не може да ја определува стварната надлежност и да биде причина за префрлање на надлежноста на судот.

2. Кога пред првостепениот суд била поднесена приватна тужба за одреден настан, одредено кривично дело и помеѓу одредени странки, обвинети и оштетени, по кој предмет е донесено решение со кое постапката е запрена бидејќи приватниот тужител ја повлекол тужбата согласно член 62 став 1 од ЗКП, кое решение е правосилно, повторно поднесената приватна тужба за истиот настан, истото кривично дело и за исти странки, обвинети и оштетени, судот ќе ја отфрли согласно член 474 во врска со член 337 став 1 точка 3 од ЗКП, како пресудена работа.

3.Кога во кривична постапка обвинетиот е огласен за виновен и задолжен е да ги надомести трошоците на постапката на оштетениот, на полномошникот адвокат , кој застапува повеќе оштетени, му следува зголемување од 50% за секое наредно застапувано лице, согласно член 8 точка 15 од Тарифата за награда и надоместок на трошоците за работа на адвокатите.

4.Доколку за едно осудено лице има запишано повеќе осуди, донесени од различни судови,за бришење на осуда од казнена евиденција одлучува секој суд за пресудата што ја донел и за чија осуда се бара бришење. За останатите пресуди, кои не се донесени од страна на тој суд, судот ќе се огласи за ненадлежен.

5. Предлозите на Вишото јавно обвинителство, по предметите КЖ, да се доставуваат до обвинетиот и бранителот со доставница од страна на судската писарница, без да има писмо од страна на судијата за да се изврши достава.

Во врска со правното прашање поставено од Основниот суд Охрид:

Дали во кривичните постапки кои се водат за кривично дело „Бесправно градење“ по член 244-а од КЗ, непосредните соседи на обвинетиот би можеле да се прифатат како оштетени во кривичните предмети, се зазеде следното :

***ПРАВНО МИСЛЕЊЕ***

Поставеното прашање е фактичко прашање и во секој конкретен предмет судот ќе цени дали непосредните соседи на обвинетиот би можеле да се прифатат како оштетени во кривичната постапка која се води за кривично дело „Бесправно градење“ по член 244-а од КЗ.

Покрај наведените активности, преку Кривичниот оддел се одвиваше комуникација на судиите од Апелациониот суд Битола кои работат од кривичната и прекршочната област со Основните судови со оглед да со распоредот за работа се определени судии кои ја координираат работата на Основните судови на Апелационото подрачје .

Покрај редовните седници на Кривичниот оддел, во секојдневните контакти се разменуват мислења помеѓу судиите и меѓусебни известувања за правни ставови по одредени правни прашања . Во деновите кога советот од петмина одлучуваше во рамките на својата надлежност се користеше присуство на судии и стручни соработници и надвор од седницата на одделот, неформално се разгледуваа правни прашања од практична примена на материјалното право и процесното право од кривична и прекршочна материја.

***СОРАБОТКА СО АПЕЛАЦИОНИТЕ СУДОВИ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА***

Повеќе години наназад се воведе нов метод и вид на соработка помеѓу Апелационите судови, поточно Кривичните оддели од тие судови со организирање на заеднички средби. Целта на тие средби била секогаш во смисла на воедначување на судската пракса за примената на Кривичниот законик, Законот за кривичната постапка, Законот за прекршочни и други закони од областа на кривичното право и прекршоците.

Поради пандемијата во 2021 година такви заеднички средби на четирите Апелациони судови на Република Северна Македонија не се одржаа меѓутоа е одржана само една заедничка средба на претставници на Врховниот суд на Република Северна Македонија и четирите Апелациони судови на Република Северна Македонија за хармонизација на судската пракса на 06.10.2021 година во Академијата за судии и јавни обвинители во Скопје со разгледување и усогласување на ставовите по повеќе правни прашања од кривичната област на која беа до усвоени четири заклучоци а за четири правни прашање каде непостоело усогласување на ставовите , истите се оставени за нив да се произнесе Врховниот суд на Република Северна Македонија.

Согласно чл.37 ст.1 алинеја 1 од Законот за судовите, Врховниот суд на Репулика Северна Македонија утврдува начелни ставови и начелни правни мислења по прашања

од значење за обезбедување на единство во примената на законите од страна на судовите. Тоа го чини и по сопствена иницијатива на седниците на судиите или по иницијатива на судските оддели од судовите. Од тие прични сите одлуки од Врховниот суд се разгледуваат посебно на седниците на Кривичниот оддел на Апелациониот суд Битола.

***СОРАБОТКА И ЕДУКАЦИЈА НА СУДИИТЕ ОД ОСНОВНИТЕ СУДОВИ НА ПОРАЧЈЕТО НА АПЕЛАЦИОНИОТ СУД ВО БИТОЛА***

Иако според програмата на Апелациониот суд во Битола беше предвидена меѓу другото и соработка помеѓу Кривичниот оддел на Апелациониот суд во Битола со Кривичните одели на Основните судови од подрачјето на Апелациониот суд Битола, оваа 2020 година, заради пандемијата и ограничувањата во движењето и контактите, такви не се одржаа .

Се очекува дека во 2022 година да се подобри состојбата и тие средби да се остваруваат .

Едукацијата на судиите во текот на 2021 година во претежен дел се организираше преку Академијата за судии и јавни обвинители со Он-лајн обуки и советувања кои судиите во целост ги остварија.

## 3.3. ОДДЕЛ ЗА СУДСКА ПРАКСА

Во предметниот период Одделот за судска пракса имаше редуцирана активност заради ситуацијата која произлезе од светската пандемија што ја предизвика вирусот Ковид 19.

Во секој случај, континуирано се следеа одлуките на Апелациониот суд Битола , како и одлуките на основните судови од истото апелационо подрачје, особено за правни основи кои се појавуваат во поголем број предмети, како и за воедначена примена на материјално-правните и процесно-правните одредби.

Исто така, се следеше и судската пракса на останатите апелациони судови, заради запазување на принципот на владеење направото и правната сигурност на граѓаните. како и праксата и правните сфаќања на Врховниот суд на Република Северна Македонија, со цел нивна имплементација во судските одлуки.

Одделот за судска пракса на Апелациониот суд Битола континуирано соработува со Кривичниот и Граѓанскиот оддел, кои својата активност ја реализираат на одржаните седници, на кои се реферирани и правно образложувани конкретните правни прашања и правни ситуации за кои судиите бараат да се усогласи праксата на поодделните совети, како и за примена на одредени измени во процесни и материјални закони кои создаваат дилема во примената во пракса. Граѓанскиот и кривичниот оддел во координација со Одделот за судска пракса, на одржаните седници, ги поставија на дневен ред сите спорни правни прашања кои се појавиле во текот на 2021 година.

Од програмата за работа на одделот за 2021 година, делумно се реализирани планираните активности.

- Иницирани се седници на Граѓанскиот оддел за воедначување на судска пракса, за предмети каде Претседателот на Одделот за судска пракса констатирал непочитување на претходно донесени заклучоци или отстапување од претходно воедначена судска пракса, како и за расправање по правни прашања во врска со предметите за надомест на штета за фактичка експропријација за кои не е донесено решение за експропријација, а имот на поранешни сопственици бил оштетен или уништен при изградба на објекти од јавен карактер.

Така, на седница на Граѓанскиот оддел по иницијатива на Одделот за судска пракса беше разгледано следното правно прашање:

- Дали сопственикот има право на надомест на штета за уништени прирастоци и градежи, кои не му се одземени во постапката за експропријација, во која било одземено само земјиштето и кој субјект е одговорен за штетата.

Заклучокот е содржан во извештајот за работата на Граѓанскиот оддел на Апелациониот суд Битола.

По иницијатива на одделот за судска пракса, а после извршена анализа на судската пракса и воочено различно постапување и отстапување од претходно донесен заклучок на Граѓанскиот ддел на Апелациониот суд Битола, на седница на Граѓанскиот оддел се дискутираше за начинот на кој се определуваат и досудуваат трошоците на постапката за обезбедување на докази , како и во постапките од семејните односи.

Заклучокот е содржан во извештајот за работата на Граѓанскиот оддел на Апелациониот суд Битола.

Одделот за судска пракса иницираше седници на Граѓанскиот оддел за запознавање на судиите со измени на дел од законите и навремена имплементација на новите законски одредби во судските одлуки на основните судови и одлуките на овој суд.

Донесени се заклучоци на седници на Граѓанскиот и Кривичниот оддел по правни прашања иницирани од поодделни судии или совети, кои се достапни за сите судии во електронска и печатена форма.

- Заради воедначување на судската пракса, неколку години наназад се изготвува табела во која се презентирани судски одлуки и досудувани износи на нематеријална штета по разни основи ( угриз од куче, телесни повреди, клевета и навреда...) , која табела во 2021 година беше ажурирана со новодонесените одлуки на овој суд. Констатирано е дека генерално за слични повреди и основи се досудуваат приближни износи на штета, за што има позитивни реакции од странки во постапките, во смисла на поголема правна сигурност.

- Во библиотеката на судот во електронска и печатена форма се евидентирани и ставени на увид одлуките не Европскиот суд за човекови права во Стразбур, а исто така одлуките се редовно објавувани на интерната ВЕБ страна на овој суд. На ваков начин објавени се следните пресуди:
-Гелевски против РСМ; пресудата X и Y против РСМ; Пресуда од ЕСЧП-Ј.М. и А.Т. против Северна Македонија; Пресуда од ЕСЧП-Транскоп АД Битола против Северна Македонија, како и Препорака од Бирото за застапување на РСМ пред ЕСЧП во врска процесот на извршување на пресудата на Европскиот суд за човекови права во случајот Транскоп АД Битола против Северна Македонија (А.бр.48057/12) од 1 април 2021 година; потоа Пресуда на ЕСЧП за случајот Проданов против Северна Македонија; Пресуда на ЕСЧП за случајот Мемедов против РСМ; Пресуда на ЕСЧП за случајот Стоименовиќ и

Милошевиќ против РСМ; Одлука на ЕСЧП за случајот Милчин и Псалтиров против РСМ; Пресуда на ЕСЧП за случајот Бајиќ против РСМ

- Исто така во библиотеката на судот во електронска и печатена форма се евидентирани и ставени на увид досега издадените Службени весници, билтени на судска пракса на овој суд, како и на останатите Апелациони судови, како и нови стручни книги и литература

- Со Апликацијата за електронска евиденција на судска пракса, која е ставена во употреба од месец февруари 2017 година, оваа година не се внесени сентенци изготвени од судии и стручни соработници на овој суд,

- Посебна соработка со Одделот за судска пракса на Врховниот суд на Република Македонија во 2021 година е реализирана преку телефонска комуникација на претседателите на одделите за судска пракса на двата суда, во врска со потребата од одржување на работна средба на четирите апелациони судови за хармонизација на судската пракса, која иницијатива беше прифатена и Академијата за обука на судии и обвинители организираше средба која се одржа на 06.10.2021 година, на која беа донесени заклучоци кои се јавно објавени.

- Билтенот на судската пракса на овој суд за 2021 година сеуште не е издаден, истиот е во подготовка

- Со одделите за судска пракса на останатите апелациони судови соработката се реалиизира с преку работните средби во организација на Академијата за обука на судии и обвинителит „Павел Шатев“, како и со непосредна телефонска комуникација со претседателите на одделите, кои секогаш се продуктивни. Сепак, забележливо е дека недостасува почеста неформална комуникација, кој би придонела за поефикасно согледување на разликите во судската пракса одделот.

## 4. ИЗВЕШТАЈ ОД ИЗВРШЕНИ ПОСЕТИ НА ПОНИСКИТЕ СУДОВИ

Во 2021 година од страна на Апелациониот суд Битола не се извршени посети на Основните судови на подрачјето на Апелационен суд Битола од причина што се случи Пандемијата со Covid 19 и сите предвидени посети согласно Програмата за работа на Апелационен суд Битола не се извршија.

За одредени спорни прашања контактираа Судиите задолжени за поединечните судови со Претседателите на одделите на Основните судови , а за конкретни правни прашања доколку Апелациониот суд имаше заклучоци писмено ги доставуваше до Основните судови.

За наредната година во Програма за работа се предвидени посети , но дали ќе се реализираат зависи од мерките и препораките од Владата за РСМ.

## 5. ИЗВЕШТАЈ ЗА ОДНОСИ СО ЈАВНОСТ

Во Апелациониот суд Битола функционира Канцеларијата за односи со јавност со лице вработено за односи со јавност и човечки ресурси и уште едно лице извршител во одделот за односи со јавност. Секојдневно до канцеларијата за односи со јавност пристигнуваа барања за податоци за одредени предмети, како телефонски, така и по електронски пат на службениот меил на канцеларијата за односи со јавност и на судот.

Во изминатата година, комуникацијата со странки беше најчесто по телефонски и електронски пат, а со оглед на вонредната состојба и ситуацијата со Covid19, странки не се примаа во просториите на судот, освен во исклучителни случаи.

Во 2021 година, согласно Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, примени беа вкупно 6 барања, од кои 5 се позитивно решени, а 1 барање е отфрлено, бидејќи барањето не се однесуваше на информации од јавен карактер. Согласно член 36 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, службеното лице задолжено за посредување со информации од јавен карактер изготви годишен извештај, кој се доставува до Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер. На одговорените барања не беше поднесена ниту една жалба од странките.

Во текот на 2021 година, на судскиот веб портал биле објавени вкупно **3984** анонимизирани одлуки.

Апелациониот суд Битола со судовите од другите апелациони подрачја има добра соработка која се остварува преку заеднички средби на Кривичните и на Граѓанските оддели, на кои се разгледуваат прашања од интерес на судовите, а пред се за изедначување на судската пракса. Донесените заеднички правни мислења и ставови се објавуваат во билтените на судовите.

Комуникацијата е постојана и со судовите од Апелационото подрачје Битола, таа се остварува преку средби на Претседателот на судот со претседателите на судовите од ова подрачје, со судските администратори, со информатичарите во разрешување на проблемите кои се однесуваат на старите предмети, а во изминатата година и преку он-лајн врска.

Исто така треба да се напомене дека сме член на Судско Медиумскиот совет и имаме активно учество во работилниците каде што присуствуваат лицата за односи со јавност на судовите и новинари. Канцеларијата за односи со јавност ги следи сите насоки и препораки за поголема транспарентност во работењето на судот, а се вклучува и во нови работилници кои ќе ја помогнат и подобрат работата на судот.

Внатрешната страна на судот се ажурира редовно и во текот на целата 2021 година редовно беа објавувани сите информации битни за вработените, Календарот на судења, извештаите за работата на Судот, Распоредот за работа на Апелациониот суд Битола и неговите измени, заклучоците донесени на Граѓанскиот и Кривичниот оддел по спорни правни прашања, заклучоци по спорни правни прашања донесени на Работните средби на четирите Апелациони судови.

## 6. ИЗВЕШТАЈ ЗА ИНФОРМАТИЧКА ТЕХНОЛОГИЈА

Функционирањето на судот во делот околу информатичката технологија во текот на 2021 година се одвиваше непречено посебно во делот на употребата на Автоматизираниот информатички систем за управување со судските предмети (АКМИС). Вработените редовно го користат истиот, а внесените и обработените податоци се пополнуваа целосно и точно. Редовно и навремено се ажурираат и корисничките привилегии во АКМИС од страна на информатичарите за сите вработени кои имаат пристап до АКМИС системот. Истиот се користеше редовно за генерирање на најразлични статистички извештаи потребни за месечните, кварталните како и годишните извештаи. Сите извештаи редовно се доставуваат до надлежните институции.

Сметаме дека во АКМИС системот треба да се премине на изработка на програма за вертикално поврзување на судовите со преземање на податоците од електронското досие на секој предмет во повисокиот суд со што од една страна во голема мерка би се олеснила работата на судовите, а од друга страна што е уште поважно би се добиле точни статистички податоци за работата на судовите, без непотребни грешки при заведувањето на податоците за секој предмет во секоја судска инстанца одново .

Во судот има две судници, од кои во една во која се судат граѓански предмети е инсталирана опрема за тонско снимање на рочишта „СРС ФЕМИДА“согласно ЗПП. Како резултат на состојбата со пандемијата со КОВИД-19 , односно поради малиот просторен капацитет на судницата во која се судат граѓанските предмети , во текот на 2021 година рочиштата согласно препораките и мерките на Владата на РСМ се одржуваа во големата сала за состаноци на Апелационен суд Битола која не е опремена со опрема за тонско снимање, а заради одржување на соодветни растојание на вклучените лица во процесите, па од тие причини во 2021 година е одржано само 1 рочиште со тонско снимање. Согласно новонастаната ситуација за во иднина препорачуваме да се набави мобилна опрема за тонско снимање или да се обезбедат средства за опремување на конференциската сала со соодветна опрема за тонско снимање. Такво барање е истакнато и во Известувањето испратено до Судски совет на РСМ по барањето за дигитално опремување.

Исто така, земајќи го во предвид фактот што компјутерите набавени за судниците набавени во 2019 година се со понов оперативен систем Windows 10 и истиот не е компатибилен со веќе инсталирана хардверска опрема за тонско снимање, неопходно е да се направи хардверска надградба и тековно одржување на истата и во судниците во кои е вече инсталирана опрема.

Во кривичната судница нема инсталирано опрема за аудио и видео снимање на јавните седници, но се надеваме дека во иднина ќе се обезбедат средства од судскиот буџет за соодветно опремување на оваа судница во согласност со ЗКП.

Електронската достава се одвива непречено преку „Системот за електронска достава на судски документи“, меѓутоа само за адвокатите кои се регистрирани на порталот за е -достава. Досега не се имаат појавено проблеми околу доставата. Во текот на 2021 година извршена е електронска достава на вкупно **232 поднесоци** во вкупно **159 предмети**, со што бројот на електронски доставени поднесоци е **зголемен за 40 %** во однос на минатата година.

Сите поднесоци доставени до Апелационен суд Битола редовно се скенираат преку системот за е-приемно одделение преку кој вработените во судската писарница сите скенирани документи соодветно ги приклучуваат до електронското досие на предметите во АКМИС. Во текот на 2021 година скенирани се вкупно **599 поднесоци**

Што се однесува до хардверската опременост на судот, најголемиот дел од персоналните компјутери и мрежни принтери кои се користат во Апелационен суд Битола се набавени во периодот од 2017 до 2019 година, со што може да се каже дека хардверската опременост во судот е на задоволително ниво. Исто така во текот на 2021 година дополнително е набавен 1 лаптоп и 1 мрежен принтер. Единствено поради новонастаната ситуација со Пандемијата на КОВИД-19 која повлекува промена на начинот на работа во време на пандемија како и максимално зголемување на бројот на онлајн едукации,семинари и советувања се забележува недостиг на лаптоп компјутери. Од тука исто се наметнува потребата и за дополнителна опрема за одржување на видео конференциски врски а можеби и во иднина и одржување на онлајн судења.

Потребна е замена на постоечкиот сервер кој е стар повеќе од 10 години на кој поради зголемување на оптеретеноста доведува до успорување на работата на корисиците и покрај тоа што се заменети сите стари персонални компјутери со нови. Поради зголемување на базата на АКМИС системот како и континуираните надградби, меморискиот капацитет на истиот е сведен на минимум, што значително го зголемува ризикот при креирањето на back-up на базата. Но, со оглед дека се обезбедени средства за набавка на нови сервери и постапката за набавка на сервери во сите судови на РСМ која ја спроведува Врховниот суд на РСМ е во тек се надеваме дека во текот на 2022 година серверите ќе бидат заменети со нови.

За антивирусна заштита на работните станици, во Апелационен суд Битола се користи Kaspersky Endpoint Security for Windows software и за истиот сите лиценци се обновени во изминатата 2021 година.

Во Судот постои интерна web страна која е хостирана на серверот во судот преку која редовно се известуваат сите вработени за најразлични информации поврзани со секојдневната работа. Ажурирањето на истата се врши секојдневно од страна на лице задолжено за ажурирање на страната како и од страна на информатичарите. Со користење на интерна web страна од страна на вработените се постигнува навремено и ефикасно информирање на сите ваботени во Судот.

Во функција е и судскиот портал (www.asbitola.mk) на кој се поставуваат и може да се пребаруваат сите анонимизирани одлуки и истиот редовно се ажурира со сите потребни информации.

Во текот на 2021 година апликацијата за Судска пракса која е хостирана во Апелационен суд Битола континуирано е во функција за судиите и стручните соработници во Апелационен суд Битола како и за вработените во основните судови на апелационото подрачје на Битола.

Во текот на 2021 година во информатичкото работење на Апелационен суд Битола се применуваа сите процедури и правилници донесени согласно Законот за заштита на личнните податоци како и и сите процедури кои ги налага ISO 9001:2015 стандардот.

Со оглед на брзиот раст и подем на информатичката технологија потребно е постојано стручно усовршување како за информатичарите така и за останатите вработени во судот.. Само со добра континуирана обука ќе биде можно оптимално и правилно користење на хардверската опрема и софверските алатки во секојдневната работа на судот.

## 6. ИЗВЕШТАЈ ЗА ОПРЕМЕНОСТ И ОДРЖУВАЊЕ НА ЗГРАДАТА НА СУДОТ

Апелациониот суд Битола е сместен во зграда која е меѓу најстарите во Република Северна Македонија и ја користиме заедно со Вишото јавно обвинителство Битола. До месец март 2021 година во дел од просториите беше сместено и Основното јавно обвинителство Битола.

Зградата е приклучена на сите потребни мрежи, струја, вода, одвод, интернет и сопствено парно греење, а поседува и сопствен агрегат во случај на недостапност на електрична енергија за одржување на информатичката техника.

Судот располага со две помали судници и една конференциска сала. Судниците се опремени со мебел како и конференциската сала, но за судење со тонско снимање е опремена само една од судниците. Со појавата на вирусот Корона 19, најголемиот број на расправи пред АС Битола се одржуваа во конференциската сала без тонско снимање. Оваа состојба сметаме дека ќе се поправи со престојната дигитализација.

Канцелариите во судот се опремени со мебел но тој е од постара дата и потребно е во иднина да се замени. Канцелариите се опремени со компјутери и инернет мрежа, но дограмата, влезните врати, а во дел и прозорите, се за промена.

Санитарните чворови во судскаата зграда се во лоша состојба за што е потребно реновирање.

Предметите кои доаѓаат за решавање во АС Битола се сместуваат во писарницата на судот за што е опремена со посебни плакари, а соодветни плакари поседуваат судските канцеларии и канцелариите на стручните соработници каде се сместени предметите во работа.

Предметите што се архивирааат се сместуваат во визбените простории кои се релативно добри, но во одредени периоди од годината се јавува влага.

Судската зграда нема лифт и пристап за лица со посебни потреби има само на приземјето. Зградата има уште два спрата. За потребите за паркинг на возила на вработените се користат два дела од дворното место, а за странките има јавни паркиралишта веднаш до судската зграда.

Судската зграда надворешно и внатрешно е обезбедена со видео надзор и е осветлена.

Во поглед на безбедноста судската зграда 24 часа е обезбедена од судската полиција, која се грижи за безбеноста на зградата и за вработените. Вработени се 7 судски полицајци. Судот не поседува детектор врата бидејќи е расипана, па и покрај барањата години наназад не ни е дозволена набавка на нова детектор врата.

Одржувањето на судската зграда е на терет само на АС Битола, иако дел користи Вишото јавно обвинителство Битола, а претходно и Основното јавно обвинителство.

Заради староста на зградата тековното и инвестициското одржување се врши со потешкотии и со недоволно средства.

Како е наведено и погоре, покрај тековното одржување потребно е и инвестициско одржување, односно санирање на санитарните јазли и замена на дограмата по канцелариите за што се изготвени пресметки за потребните средства за таа намена и доставени до Судско буџетскиот совет при планирањето на буџетот.

За тековното одржување на парното греење исто така е изготвена пресметка.

На крајот, во поглед на опремувањето на судот, Ве запознаваме дека поседуваме и две службени возила од кои едното е набавено пред неколку години и едно постаро. Двете се во возна состојба.

## 7. ИЗВЕШТАЈ ЗА ПЛАНИРАНИ И ИЗВРШЕНИ ЈАВНИ НАБАВКИ

Во текот на 2021 година согласно Годишниот план за јавни набавки на Апелациониот суд Битола беа реализирани сите набавки во електронска форма согласно Законот за јавни набавки. Согласно Годишниот план за јавни набавки и Одлуката од Судскиот Буџетски совет, Апелационен суд Битола ја спроведе постапката за групна јавна набавка на хартија за печатење и копирање за потребите на Апелациониот суд Битола и основните судови во Битола, Охрид, Струга, Прилеп, Ресен и Крушево.

Со одлука на Претседателот на судот, Комисијата за јавни набавки спроведе постапки за набавка на тонери, гориво за службените возила на судот, екстра лесно масло за греење и електрична енергија.

Сите овие набавки се прикажани во ***Табела 5***.

Најголем дел од спроведените јавни набавки се реализираат сукцесивно во текот на целата година, во зависност од тековните потреби, а динамиката на трошење се следи од страна на Претседателот на Судот, Судскиот администратор, како и од Сметководството на Судот, каде детално се евидентираат сите трошоци од јавните набавки поединечно.

Јавната набавка на фотокопирна хартија за потребите на Апелациониот суд Битола е спроведена во целост, додека останатите набавки, согласно склучените договори се предвидени да завршат во 2022 година. Пред истекување на крајните рокови за спроведените јавни набавки, предвидено е да се спроведат нови постапки за јавни набавки, согласно Годишниот план за јавни набавки за 2022 година.

**Видно од извештајот за работата на Апелациониот суд Битола за 2021 година произлегува заклучокот:**

***Апелациониот суд Битола е ефикасен суд. Предметите во жалбена постапка во најголемиот дел се решаваа во роковите предвидени со закон, Судски деловник и Програмата за работа на Апелациониот суд Битола за 2021 година.***

***Просечниот квалитет на предмети кои биле по вонредни правни средства е солиден.***

**Јануари 2022**

**Претседател на Апелационен суд Битола**
**Петре Србиновски**

**Табела 1-1**

# СУМАРЕН ПРЕГЛЕД ЗА ДВИЖЕЊЕ НА ПРЕДМЕТИТЕ ЗА 2021 ГОДИНА ЗА АПЕЛАЦИОНЕН СУД БИТОЛА

## I. Предмети кои се опфатени во ориентациона норма утврдена од Судски совет

| Уписник | Нерешени предмети на почеток од годината | Примени нови предмети | Предмети повторно во работа | Погрешно заведени | Вкупно предмети во работа | Решени предмети | Нерешени предмети |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| КЖ-Кривични предмети по жалба | 76 | 698 | 9 | 1 | 782 | 660 | 122 |
| КЖМ-кривични предмети спрема малолетници | | 10 | | | 10 | 10 | / |
| КСЖ-КРИВИЧЕН СОВЕТ | 3 | 202 | | | 205 | 205 | / |
| ПРКЖ-Уписник за второстепени прекршочни предмети | 5 | 569 | | | 574 | 557 | 17 |
| КР-разни кривични предмети | | 7 | | | 7 | 7 | / |
| **ВКУПНО – КРИВИЧЕН ОДДЕЛ** | 84 | 1486 | 9 | 1 | 1578 | 1439 | 139 |
| ГЖ-Граѓански по жалба | 264 | 2146 | 8 | 2 | 2416 | 2070 | 346 |
| РОЖ-Работни односи по жалба | 116 | 643 | 3 | 4 | 758 | 611 | 147 |
| ТСЖ-Стопански по жалби | 76 | 408 | 7 | | 491 | 428 | 63 |
| Р-разни граѓански предмети | / | 20 | / | | 20 | 18 | 2 |
| **ВКУПНО – ГРАЃАНСКИ ОДДЕЛ** | 456 | 3217 | 18 | 6 | 3685 | 3127 | 558 |
| **ВКУПНО** | 540 | 4703 | 27 | 7 | 5263 | 4566 | 697 |

**Табела 1-2**

## II Судска управа

| Уписник | Нерешени предмети на почеток од годината | Примени нови предмети | Погрешно заведени | Вкупно предмет и во работа | Решени предме ти | Нерешени предмети |
|---|---|---|---|---|---|---|
| СУ-ДОВДоверлив уписник за судска управа | | 10 | | 10 | 10 | |
| СУ-СТР-ДОВ-Строго Доверлив уписник за судска управа | | | | | | |
| СУ-ИЗЗ Изземање на судии и претседател | | 134 | | 134 | 134 | |
| УПП-Уписник за евиденција на Преставки и поплаки | | 13 | | 13 | 13 | |
| СУ- Разни известувања во Судска Управа | | | | | | |
| СПИ –Уписник за слободен пристап до информации | | 6 | | 6 | 6 | |
| СУ-01-Доставување на статистички извештаи | | 33 | | 33 | 33 | |
| СУ-02-Одлуки на Претседателот и комисијата | | 279 | 2 | 277 | 277 | |
| СУ-03-Коресподенција на Претседателот на судот | 1 | 336 | | 337 | 334 | 3 |
| СУ-04-Одлуки на Претседателот за работни | | 79 | 1 | 78 | 78 | |
| СУ-05-Одлуки од сметководство | | 291 | 4 | 287 | 286 | 1 |
| СУ-07-Одлуки и коресподенција на судскиот | | | | | | |
| **ВКУПНО** | **1** | **1181** | **7** | **1175** | **1171** | **4** |

**Табела 1-3**

# СУМАРЕН ПРЕГЛЕД ЗА ДВИЖЕЊЕ НА ПРЕДМЕТИТЕ СПОРЕДБЕНО 2020 И 2021 ГОДИНА

## I. Предмети кои се опфатени во ориентациона норма утврдена од Судски совет

| Уписник | Нерешени предмети на почеток од годината | Примени нови предмети | Погрешно заведени | Вкупно предмет и во работа | Решени предме ти | Нерешени предмети |
|---|---|---|---|---|---|---|
| (претходна година) | 138 | 541 | / | 679 | 603 | 76 |
| КЖ-Кривични предмети по жалба | 76 | 707 | 1 | 782 | 660 | 122 |
| (претходна година) | / | 3 | | 3 | 3 | / |
| КЖМ-КРИВИЧНИ ПРЕДМЕТИ СПРЕМА МАЛОЛЕТНИЦИ | | 10 | | 10 | 10 | |
| (претходна година) | 1 | 202 | | 203 | 200 | 3 |
| КСЖ-КРИВИЧЕН СОВЕТ | 3 | 202 | | 205 | 205 | / |
| (претходна година) | 58 | 431 | | 489 | 484 | 5 |
| ПРКЖ-Уписник за второстепени прекршочни предмети | 5 | 569 | | 574 | 557 | 17 |
| (претходна година) | | 12 | | 12 | 12 | / |
| КР-РАЗНИ КРИВИЧНИ ПРЕДМЕТИ | | 7 | | 7 | 7 | / |
| (претходна година) | 218 | 1655 | 1 | 1872 | 1608 | 264 |
| ГЖ-Граѓански по жалба | 264 | 2154 | 2 | 2416 | 2070 | 346 |
| (претходна година) | 11 | 547 | | 558 | 442 | 116 |
| РОЖ-Работни односи по жалба | 116 | 646 | 4 | 758 | 611 | 147 |
| (претходна година) | 53 | 380 | | 433 | 357 | 76 |
| ТСЖ-Стопански по жалби | 76 | 415 | | 491 | 428 | 63 |
| (претходна година) | 1 | 18 | | 19 | 19 | / |
| Р-РАЗНИ ГРАЃАНСКИ ПРЕДМЕТИ | | 20 | | 20 | 18 | 2 |
| (претходна година) | **480** | **3789** | **1** | **4268** | **3728** | **540** |
| **ВКУПНО** | **540** | **4730** | **7** | **5263** | **4566** | **697** |

**Табела 1-4**

## II Судска управа

| Уписник | Нерешени предмети на почеток од годината | Примени нови предмети | Погрешно заведени | Вкупно предмет и во работа | Решени предме ти | Нерешени предмети |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 2020 | | 4 | | 4 | 4 | |
| СУ-ДОВДоверлив уписник за судска управа | | 10 | | 10 | 10 | |
| 2020 | | | | | | |
| СУ-СТР-ДОВ-Строго Доверлив уписник за судска управа | | | | | | |
| 2020 | | 131 | | 131 | 134 | |
| СУ-ИЗЗ Изземање на судии и претседател | | 134 | | 134 | 134 | |
| 2020 | | 16 | | 16 | 16 | |
| УПП-Уписник за евиденција на Преставки и поплаки | | 13 | | 13 | 13 | |
| 2020 | | | | | | |
| СУ- Разни известувања во Судска Управа | | | | | | |
| 2020 | | 6 | | 6 | 6 | |
| СПИ –Уписник за слободен пристап до информации | | 6 | | 6 | 6 | |
| 2020 | | 46 | | 46 | 46 | |
| СУ-01-Доставување на статистички извештаи | | 33 | | 33 | 33 | |
| 2020 | | 215 | 3 | 212 | 212 | |
| СУ-02-Одлуки на Претседателот и комисијата | | 279 | 2 | 277 | 277 | |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 2020 | | **339** | | **339** | **338** | **1** |
| СУ-03-Коресподенција на Претседателот на судот | 1 | **336** | | **337** | **334** | **3** |
| 2020 | | 58 | 1 | 57 | 57 | |
| СУ-04-Одлуки на Претседателот за работни | | 79 | 1 | 78 | 78 | |
| 2020 | | 298 | | 298 | 298 | |
| СУ-05-Одлуки од сметководство | | 291 | 4 | 287 | 286 | 1 |
| 2020 | | | | | | |
| СУ-07-Одлуки и коресподенција на судскиот | | | | | | |
| **2020** | | **1113** | **4** | **1109** | **1108** | |
| **ВКУПНО** | 1 | **1181** | **7** | **1175** | **1171** | **4** |

**Табела 2-1**

# Т А Б Е Л А

## За вкупната работа на Претседателот и судиите во Апелациониот суд Битола за 2021 година

| ИМЕ И ПРЕЗИМЕ | КРИВИЧНИ | | | | | | | | | | ГРАЃАНСКИ | | | | | | РАЗНИ ПРЕДМЕТИ | | | | ЗАБЕЛЕШКА |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | КЖ | | ПРКЖ | | КР | | КЖМ | | КСЖ | | ГЖ | | РОЖ | | ТСЖ | | Иззема. УПП, СУ и др. | | Р | | |
| | ВК | МПР | ВК | МПР | ВК | МПР | ВК | МПР | ВК | МПР | ВК | МПР | ВК | МПР | ВК | МПР | ВК | МПР | ВК | МПР | ПРОСЕК |
| **ПЕТРЕ СРБИНОВСКИ** | | | | | | | | | | | | | | | | | 1171 | 111,52 | | | **10,5 м<br>111,52** |
| **ЉИЉАНА ЧОЧКОВСКА** | 129 | 13.13 | 114<br>38 | 3.86 | 1<br>0.75 | 0.07 | / | / | 46<br>8.63 | 0.87 | | | | | | | | | | | **9.82м<br>17,94** |
| **РУЖИЦА ИВАНОСКА** | 130 | 12,38 | 117<br>39 | 3,71 | 2<br>1,5 | 0,14 | / | / | 42<br>7,88 | 0,75 | | | | | | | | | | | **10,5м<br>16,98** |
| **АНИТА МИЛОШЕВСКА** | 129 | 12,29 | 102<br>34 | 3,24 | 2<br>1,5 | 0,14 | 10<br>10,75 | 1,02 | 39<br>7,31 | 0,69 | | | | | | | | | | | **10,5м<br>17,38** |
| **АЛЕКСАНДАР КАМБОВСКИ** | 139 | 13,23 | 109<br>36,3 | 3,46 | 1<br>0,75 | 0,07 | / | / | 42<br>7,88 | 0,75 | | | | | | | | | | | **10,5м<br>17,51** |
| **ЗОРАН КАРАЏОВСКИ** | 133 | 12,66 | 115<br>38,3 | 3,65 | 1<br>0,75 | 0,07 | / | / | 36<br>6,75 | 0,64 | | | | | | | | | | | **10,5м<br>17,02** |

| ИМЕ И ПРЕЗИМЕ | КРИВИЧНИ | | | | | | | | | | ГРАЃАНСКИ | | | | | | РАЗНИ ПРЕДМЕТИ | | | | ЗАБЕЛЕШКА |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | КЖ | | ПРЖ | | КР | | КЖМ | | КСЖ | | ГЖ | | РОЖ | | ТСЖ | | Иззем.УПП СУ и др. | | Р | | |
| | ВК | МПР | ВК | МПР | ВК | МПР | ВК | МПР | ВК | МПР | ВК | МПР | ВК | МПР | ВК | МПР | ВК | МПР | ВК | МПР | ПРОСЕК |
| **ПЕТКАНА ЈАДРОВСКА** | | | | | | | | | | | | | 277 | 26,38 | | | | | | | **10,5м 26,38** |
| **СЛАВИЦА МИРКОВСКА** | | | | | | | | | | | | | 270 | 27,69 | | | | | | | **9,75м 27,69** |
| **ТАТЈАНА СУСУЛЕСКА** | | | | | | | | | | | 247 | 23,52 | | | 55 | 5,24 | | | 1<br>1,1 | 0,10 | **10,5м 28,86** |
| **ЛИЛЕ НАУМОВСКА** | | | | | | | | | | | 247 | 23,52 | | | 53 | 5,05 | | | 1<br>1,1 | 0,10 | **10,5м 28,67** |
| **ВИОЛЕТА КОСТОВСКА** | | | | | | | | | | | 242 | 23,05 | | | 47 | 4,47 | | | 3<br>3,33 | 0,32 | **10,5м 27,84** |
| **РИСТЕ РИСТЕВСКИ** | | | | | | | | | | | 222 | 21,14 | | | 47 | 4,47 | | | | | **10 м 25,61** |
| **АЦЕ БАКИЕВСКИ** | | | | | | | | | | | 232 | 22,09 | | | 44 | 4,19 | | | 2<br>2,22 | 0,21 | **10,5м 26,49** |
| **НИКОЛА КРСТЕСКИ** | | | | | | | | | | | 218 | 22,13 | | | 44 | 4,46 | | | 4<br>4,44 | 0,45 | **9,85м 27,04** |

| ИМЕ И ПРЕЗИМЕ | КРИВИЧНИ | | | | | | | | | | ГРАЃАНСКИ | | | | | | | | ЗАБЕЛЕШКА |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | КЖ | | ПРКЖ | | КР | | КЖМ | | КСЖ | | ГЖ | | РОЖ | | ТСЖ | | Р | | |
| | ВК | МПР | ВК | МПР | ВК | МПР | ВК | МПР | ВК | МПР | ВК | МПР | ВК | МПР | ВК | МПР | ВК | МПР | ПРОСЕК |
| **БОШКО БОГДАНОВСКИ** | | | | | | | | | | | 172 | 16,38 | 63 | 6 | 46 | 4,38 | 4<br>4,44 | 0,42 | **10,5м<br>27,18** |
| **ЖАКЛИНА ДОВЕДЕН** | | | | | | | | | | | 250 | 23,80 | 1 | 0,1 | 46 | 4,38 | 2<br>2,22 | 0,21 | **10,5м<br>28,49** |
| **ПАКИЗЕР АЛИОСКА** | | | | | | | | | | | 240 | 22,86 | | | 46 | 4,38 | 1<br>1,11 | 0,10 | **10,5м<br>27,34** |
| **ВКУПНО - Месечен просек на АС-Битола Без Претседателот на суд** | 660 | 62,85 | 185,6 | 17,67 | 5,25 | 0,5 | 10,75 | 1,02 | 38,45 | 3,66 | 2070 | 197,14 | 611 | 58,19 | 428 | 40,76 | **19,96** | 1,90 | **4029,01<br>389,65** |
| **ВКУПНО – Месечен просек по судија Без Претседателот на суд** | | | | | | | | | | | | | | | | | | | **389,65<br>28,28** |
| **ВКУПНО –Месечен просек по судија од Граѓанска материја** | | | | | | | | | | | | | | | | | | | **3128,96<br>28,02** |
| **ВКУПНО-Месечен просек по судија од Кривична материја** | | | | | | | | | | | | | | | | | | | **900,05<br>17,62** |

**Табела 2-2**

## ВКУПНО ОСТВАРЕНА ГОДИШНА ОРИЕНТАЦИОНА НОРМА

| ОДДЕЛ | Предвидена просечна годишна ориентациона норма | Вкупно остварена годишна ориентациона норма | Вкупно остварена годишна ориентациона предмети по судија | ПРОСЕК |
|---|---|---|---|---|
| Граѓански оддел | 2499,42 | 3128,96 | 289,18 | **125,19 %** |
| Кривичен оддел | 778,05 | 900,05 | 182,20 | **115,68 %** |
| ВКУПНО | **3277,47** | **4029,01** | **255,65** | **122,93 %** |

*** Во вкупниот број на решени предмети од Кривичен оддел, прекршочните предмети се вклучени во однос 3 прекшочни предмети за 1 кривичен предмет, а предметите од Кривичен совет во однос 5,33 за 1 кривичен предмет, поради наоѓање на соодветен просек во кривичниот оддел согласно ориентационата норма за 2020 година*

**Tabela 3-1**

## КВАЛИТЕТ НА ПРЕДМЕТИТЕ ЗА 2021 година

| Апелационен суд Битола | Вкупно решени | Потврдени | | Укинати | | Преиначени | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | број | број | % | број | % | број | % |
| **ГРАЃАНСКИ ОДДЕЛ** | 3109 | 91 | 2,92% | 27 | 0,86% | 18 | 0,57% |
| **КРИВИЧЕН ОДДЕЛ** | 1432 | 21 | 1,46% | 5 | 0,34% | / | / |
| **ВКУПНО:** | **4541** | **112** | **2,46%** | **32** | **0,70%** | **18** | **0,39%** |

**Во вкупниот број на решени предмети не се пресметани решените предмети од уписниците КР и Р по кои не е дозволен правен лек*

**Табела 3-2**

# ВКУПНО ВРАТЕНИ ПРЕДМЕТИ ОД ВРХОВЕН СУД ЗА 2021 година

| МАТЕРИЈА | ПО ВОНРЕДНО ПРАВЕН ЛЕК | ВРАТЕНИ- | ОДБИЕНИ | ПРОСЕК | УВАЖЕНИ УКИНАТИ | ПРОСЕК | УВАЖЕНИ ПРЕИНАЧЕНИ | ПРОСЕК | ОТФРЛЕНИ | НА ДРУГ НАЧИН |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **ГРАЃАНСКО** | 144 | 169 | 91 | 66,91% | 27 | 19,85% | 18 | 13,23% | 33 | / |
| **КРИВИЧНО** | 38 | 30 | 21 | 80,77% | 5 | 19,23% | / | / | 4 | / |
| **ВКУПНО:** | **182** | **199** | **112** | **69,13%** | **32** | **19,75%** | **18** | **11,11%** | **37** | **/** |

**Просекот е пресметан во однос на вкупно вратените предмети од ВСРМ (одбиени +укинати +преиначени) за секоја материја поединечно*

**Табела 4-1**

## СОСТОЈБА СО СТАРИ ПРЕДМЕТИ

| Уписник | Нерешени предмети на почеток од годината | Примени нови предмети | Вкупно предмети во работа | Решени предмети | Нерешени предмети |
|---|---|---|---|---|---|
| КЖ-Кривични предмети по жалба | 7 | 18 | 25 | 18 | 7 |
| КЖМ-кривични предмети спрема малолетници | | | | | |
| КСЖ-кривичен совет | | | | | |
| ПРКЖ-Уписник за второстепени прекршочни предмети | | 1 | 1 | 1 | |
| КР-разни кривични предмети | | | | | |
| ГЖ-Граѓански по жалба | 11 | 30 | 41 | 37 | 4 |
| РОЖ-Работни односи по жалба | 1 | 12 | 13 | 13 | |
| ТСЖ-Стопански по жалби | 4 | 11 | 15 | 13 | 2 |
| Р-разни граѓански предмети | | | | | |
| **ВКУПНО** | **23** | **72** | **95** | **82** | **13** |

**Табела 4-2**

## ВО АПЕЛАЦИОНИОТ СУД БИТОЛА ЗА 2021 ГОДИНА

## - КРИВИЧНО -

| УПИСНИК | до 1 мес | над 1 до 3 мес. | над 3 мес. |
| --- | --- | --- | --- |
| КЖ | 163 | 366 | 131 |
| КЖМ | 10 | / | / |
| КСЖ | 19 | 11 | / |
| ПРКЖ | 282 | 206 | 69 |
| КР | 7 | / | / |

**Табела 4-3**

## ВРЕМЕТРАЕЊЕ НА ПОСТАПКАТА

## - ГРАЃАНСКО -

| СПОРНИ | | | | | НЕСПОРНИ | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | до 1 мес. | од 1-3 мес. | од 3-6 мес. | над 6 мес. | вид | до 1 мес. | од 1-3 мес. | од 3-6 мес. | над 6 мес. |
| ГЖ | 470 | 453 | 343 | 29 | ГЖ | 461 | 214 | 97 | 3 |
| РОЖ | 15 | 242 | 337 | 10 | РОЖ | 6 | | 1 | |
| ТСЖ | 35 | 63 | 54 | 4 | ТСЖ | 139 | 82 | 48 | |
| Р | 7 | | | | Р | 11 | | | |

## ВКУПНО ПО СИТЕ ВИДОВИ

| до 1 месец | од 1 - 3 месеци | од 3 - 6 месеци | над 6 месеци |
|---|---|---|---|
| 1800 | 1637 | 1080 | 49 |
| 39,42% | 35,85% | 23,65% | 1,07% |

**Табела 5**

## Јавни набавки во 2021 година планирани и извршени

| рб | Број на оглас | Предмет на договор за јавна набавка | Име на носителот на набавката | Вредност на договорот | Број на договорот и датум | Реализација во пари |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **1** | **05109/2021** | **Набавка на екстра лесно масло за домаќинство (ЕЛ-1)** | **Тритерол Петрол Дооел** | **711.964,80 со ДДВ** | **Су.бр.05-78/21-6 11.05.2021** | **551.584,00 со ДДВ** |
| **2** | **02716/2021** | **Набавка на електрична енергија** | **ДОО Футуре Енерџи Трајдинг енд Ексчајнџ Динамикс – подружница во Македонија, Скопје** | **1.199.999,82 со ДДВ** | **Су.бр.05-41/2021-5 12.04.2021** | **323.779,00 со ДДВ** |
| **3** | **01409/2021** | **Набавка на фотокопирна хартија** | **ДВНТ ТОЗ-МК ДОО Скопје** | **47.924,00 со ДДВ** | **Су.бр.05-25/2021-6 09.03.2021** | **47.924,00 со ДДВ** |
| **4** | **05036/2021** | **Набавка на ТНГ, Еуро супер БС-95 и дизел гориво** | **ЦРНА РЕКА ПЕТРОЛ ДООЕЛ Кавадарци** | **142.097,96 со ДДВ** | **Су.бр.05-50/21 12.04.2021** | **33.902,00 со ДДВ** |
| **5** | **01166/2021** | **Набавка на тонери** | **ДППТУ ТРИНИКС ДООЕЛ Скопје** | **225.970,00 со ДДВ** | **Су.бр.05-21/2021-5 03.03.2021** | **156.598,00 со ДДВ** |